

Центар за истражување и креирање политики

КРАТКА АНАЛИЗА БР. 7

# СПОРТСКОТО ОБЛОЖУВАЊЕ КАКО СОЦИЈАЛЕН ФЕНОМЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Јули** 2006
**Скопје**, **Македонија**

Центар за Истражување и Креирање на Политики (ЦИКП) е независен и непрофитен истражувачки институт настанат како резултат на потребата од независни, темелни и точни истражувања во областа на применетите (јавните) политики. ЦИКП подготвува анализи и го набљудува процесот на креирање политики во Македонија. Со своите истражувања и објективни анализи базирани на факти и теренски истражувања Центарот се стреми да покрене дебата околу битни социо-економски прашања за Македонија. ЦИКП се состои од група на експерти од земјата, како и надворешни соработници од повеќе Европски земји. Експертите се образовани и имаат искуство во разни области како на пример-политикологија, право, економија, меѓународни односи, и социологија.

ЦИКП цели кон пополнување на јазот помеѓу законските решенија и јавните политики и реалната ситуација преку конкретни анализи како и лобирање (advocacy) на истите. Областите во кои членовите на ЦИКП моментално работат се следниве:

а) Социо-економски Развој на Општините

б) Истражување на Македонската Политичка Сцена преку Студии на Јавното Мнение т.н., Студии Пред и После Избори (national election studies на Универзитетот во Мичиген)

в) Истражувања во Здравството и Здравствената Заштита (финансирање, рационализација на здравствените услуги, и т.н. quality assurance)

г) Социјално Осигурување (пензиски системи)

д) Добро Владеење (мониторинг на децентрализацијата на локално ниво)

ѓ) Градење на Капацитети на НВОа, групи на граѓани и професионални организации преку тренинзи за тоа како се вршат истражувања на јавните политики (policy analysis).

е) Евроинтегративни процеси

ж) Евалуација на ефикасноста на јавните политики/регулативите/законите

Сметаме дека подготовката на студии на случај за Македонските социо-економски проблеми на микро ниво ќе го помогне процесот на креирање на добри односно квалитетни јавни политики. Исто така, убедени сме дека е повеќе од потребно да се работи на евалуација на јавните политики во различните сектори за истите да бидат подобрени и поблиски до потребите на граѓаните.

Our Partners:

The German Marshall Fund of the United States of America.

## 1. Вовед

Спортските обложувалници во Република Македонија за прв пат се појавуваат во 1999 година. Во 2005 има 79 спортски обложувалници со одобрение од министерството за финансии, а се проценува дека моментално егзистираат околу стотина во целата земја[1]. Интересот за спортските обложувалници од година во година е се поголем, а исто така расте значително и бројот на обложувачите, 37% од граѓаните на Македонија се „кладат„, што ја крева оваа феноменална појава во Република Македонија на ниво на еуфорија[2]. Спортското обложување како термин е "генерална активност на предвидување на спортски резултати со ставање на влог на некаков спортски настан".

Разликата помеѓу спортското обложување популарно наречено "кладење" и другите игри на среќа е во илузијата за тоа колкава е веројатноста на добивка. Граѓаните што се кладат веруваат дека имаат поголеми шанси на добивка затоа што тие самите ги бираат спортските настани на кои ќе ги вложат своите пари и самите ги прават можните комбинации на игра во рамките на правилата кои генерално се однесуваат на сите спортски обложувалници. Често пати коефициентите за добивка за точно прогнозиран резултат на одреден меч се различни кај обложувалниците и граѓаните бираат каде да се „кладат„. Друга разлика помеѓу спортските обложувалници е што некоја дава подобри услови на игра за играчите во смисол на удобност при типувањето, можности за следење на резултати итн. Имајќи ја предвид огромната конкуренција кај нас условите за типување се слични.

Појавата на феноменот спортско обложување е карактеристика не само за Република Македонија туку и за сите пост-комунистички земји или земји во транзиција почнувајќи од нашите соседи, Албанија, Србија, Црна Гора, Србија, Хрватска, Бугарија. Една и пол декада по падот на социјалистичкиот систем и првите обиди за имплементација на капитализмот, сведоци сме на најголемите контроверзии кои овие два инкопатибилни системи ги наметнаа на обичните луѓе. Од една страна, систем со инзвонредно ниска економска ефикасност, но со голема смисла за социјална сигурност на луѓето заминува во историјата, а од друга страна, систем кој нуди висока економска ефикасност, но со значителни недостатоци во поглед на социјалната сигурност на граѓаните, е исправен пред сегашните и идните генерации.

Овој транзиционен период во Република Македонија создаде маса на луѓе кои се подложни на социјално-економската несигурност и ексклузија, огромна маса на социјално загрозени

слоеви и голем процент на невработеност. Некои од овие луѓе во спортските обложувалници видоа можност за заработка на некоја дополнителна пара со која ќе можат да ги покријат своите трошоци и обврски кон државата кои во многу случаи за македонскиот граѓанин се неподмирени. Шансата ја видоа токму во спортските обложувалници затоа што со минимален влог, кој во случајот изнесува 50 денари секој може да очекува добивка и до 300 илјади денари (зависи од комбинацијата која е уплатена). Според анкетата на Центарот за истражување и креирање политики дури 73,5%[3] од граѓаните со примања пониски од просечните се обложуваат во спортски „кладилници.„

Економските димензии на легалната индустрија на спортките обложувалници и факторите кои влијаат на неа се:

- Снабдувачи-мотивирани се да го максимизираат профитот(сопствениците на спортските обложувалници)
- Креирачите на политики- законодавната власт и другите stakeholder кои се задолжени да ги обмислат легални параметри под кои ќе се нудат игрите на среќа
- Регулативи- правила на однесување на снабдувачите и конзумерите
- Конзумери-мотивирани да добијат дополнителен приход со обложување на спортските настани
- Генерална публика- може да биде влијание со своите ставови (позитивно или негативно)

## 2. Методолошки аспекти

Во обид да се истражи појавата спортско обложување и причините тоа да се издигне до толкав степен во Република Македонија, Центарот за истражување и креирање на политики се послужи со следнава методологија:

- Анкетно истражување на ниво на целата територија на Република Македонија кое се спроведе телефонски, додека анкетата беше репрезентативна. Опфатени се сите населени места (урбани и рурални), опфатени се сите претставници на етничките заедници, старосната структура, степенот на образование и половата структура. Со оваа анкета која се состоеше од едно прашање кое се однесуваше на тоа дали луѓето се обложуваат во

спортските обложувалници Центарот дојде до податок дека 37% од граѓаните на Република Македонија се склони кон „кладењето„.[4]

- Анкетно истражување кое се однесуваше само на лицата кои практикуваат спортско обложување и кое се направи за да се увидат причините поради кои луѓето толку масовно се „кладат.„
- Испитани се и просечните месечни вложувања, времето кое е посветено на процесот на обложување, социјалниот и економскиот статус на граѓаните како и профилот на обложувачите во смисла на старосна структура, степен на образование, пол и етничка припадност.[5]
- Во приближни рамки испитан е и минималниот месечен обрт на пари на релација обложувачи-спортски обложувалници[6]
- Компаративна анализа-направена е анализа на законот за игри на среќа во Република Македонија споредено со законот во некои други соседни земји, а направена е и анализа други истражувања кои се направени во врска со причините за обложување.

## 3. Анализа на законот за игри на среќа

Следејќи го процесот на целокупните општествено економски реформи како во законодавството така и кај потребите на населението, се јави промена од постоечкиот закон за игри на среќа. Па така, видовите, условите, организацијата и начинот на приредување игри на среќа и забавни игри во Република Македонија се утврдени со законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и на забавните игри, објавен во "Службен весник на РМ„ бр. 13 од 21 февруари 2001 година и стапи на сила 8 дена по неговото објавување. Потребата од измена и дополнување на постоечкиот закон, го налагаа и бројните светски и европски стандарди, како технички така и оние кои ги штитат правата и сигурноста на играчите.

Новиот закон значително ги зголеми видовите на организирање на игри на среќа, ја зголеми сигурноста на учесниците и значително ги зголеми приходите во Буџетот на Република Македонија. Според новиот закон, игрите на среќа се јасно утврдени, и сите оние кои не се спомнати претставуваат кршење на законот. Но, како значителен исчекор, претставува уредбата со која се регулира вршењето на дејноста (организирање на игри на среќа), преку издавање на лиценци. Така со системот на откуп на лиценци, се регулираат редица прашања кои придонесуваат во оправданоста на овој закон. Најпрвин постоењето на откуп на трајни и времени (пр. Обложување на спортски натпревари) за различни игри

на среќа го оневозможува постоењето на монопол во ниту една сфера, со што се креира еден отворен/либерализиран пазар. А, како откупувач на овие лиценци, не само што во посебни случаеви се споменува Државата, туку и здруженијата на граѓани, како и странски правни лица.[7] Исто така, постои можност за откуп на времени лиценци. Но, со откупот на времените лиценци (кои имаат рок на траење од 9 месеци до 1 година) е постигната заштита од нелојална конкуренција, при долготрајно задржување на едни субјекти на пазарот. Со самата уредба "Приредување на игри на среќа"[8] јасно се утврдува не само висината на лиценцата, туку и постапката при добивање/недобивање на лиценцата. Заштитата на играчите, односно исплатата на играчите е друга област во која новиот закон зема активна улога, имено зголемувањето на вредноста наменета за исплата на добитните влогови не само што влева сигурност кај постоечките туку и кај потенцијалните играчи.

Друг облик на заштита на играчите е условот на јасно истакнати и уредени правила на игра. Како една од самите потреби за овој закон беше и самиот технолошки напредок, па така овој закон следејќи ги новите технолошки достигнувања остава простор за примена на истите во примената на организирањето на игри на среќа. Утврдувањето на приходите кои се влеваат во Буџетот на Република Македонија, остварени преку организирањето игри на среќа, подетално обложување на спортски натпревари, е уште едно прашање кое е регулирано со новиот закон. Па така покрај лиценцата која изнесува 2.000.000 денари, јасно е регулиран начинот на оданочување, во износ од 18% од остварен и приложен профит, и во износ од 19% од остварен приход, во иснос од над 10.000 денари. Депозитот кој се приложува како еден вид гаранција за исплата на играчите изнесува 1.000.000 денари.

## 4. Спортското обложување како социјален феномен (причини)

Во земјите со поголеми стандарди, спортските обложувалници воглавно се места каде со понекое пиво ќе се вложи мала парична единица на своите омилени клубови, за натпреварите да се гледаат со поголем жар. Забавата е најчесто причина поради која во економсмки моќните земји луѓето се обложуваат.[9] Кај нас причините се дијаметрално спротивни, односно можноста за добивка или лошиот социјално-еконоскиот статус и слабиот стандард на граѓаните е главна причина поради која тие масовно се обложуваат (37% од граѓаните се обложуваат). Спортските обложувалници во Република Македонија се сведоци на "транзициската поетика на бедата". Од луѓето што се „кладат„дури 71,5% тоа го прават заради економски причини. Од истите тие причини се обложуваат граѓаните од

сите категории, Македонците, Албанците, Србите, Турците, Ромите, помалку образованите, повеќе образованите, луѓето со помали и тие со поголеми примања, тие што живеат сами и тие шти живеат со своите семејства, вработените и невработените и така натаму.[10]

Спортските обложувалници се местата каде може да ги најдете сите структури од македонското општество а пред се оние кои припаѓаат на еконосмки загрозениот слој. Невработеноста во Македонија изнесува околу триесетина проценти, потрошувачката кошница на граѓаните е се потесна, давачките (обврските) кон државата се се поголеми, сметките за струја, вода, парно, телефон, бензинот е се поскап а примањата незначително се зголемени.[11] Многумина во Република Македонија гледаат шанса за успех во животот преку спортските обложувања.

Токму таков е и профилот на повеќето луѓе кои се обложуваат, 39,5% вложуваат помалку од 1.000 денари месечно, 33,2% вложуваат од 1001-5000 денари, а само 3,2% вложуваат повеќе од 13.000 денари што според македонскиот стандард се смета за голем влог бидејќи е рамен на просечно исплатената нето плата. Скоро половина од граѓаните до 25 години се обложуваат (48%), а слична е бројката и кај возрасната група 26 до 40 години (49%). Огромен е процентот на младите мажи што се обложуваат, дури 72% на тие до 25 години, 71% на возраст помеѓу 26 и 40 години.

Интересно е што во овој магичен круг на спортското обложување составен од снабдувачите (газдите), конзумерите (граѓаните) и државата до одреден степен сите се задоволни. На државата и одговара да има што повеќе обложувалници поради полнењето на буџетот- 2.000.000 на секој девет месеци плус дополнителните даноци од 18 односно 19%. Сопствениците на обложувалници се задоволни од остварениот профит на годишно ниво. Граѓаните се задоволни, но нивното задоволство е моментално, а и селективно.

Тоа значи дека не може сите да добијат. Доколку еден ден добијат неколку граѓани, тие ги уживаат парите што ги вложиле многу други. Така тој круг на вложување и добивка, тој обрт на пари се движи постојано и без престан и приближно изнесува 150.000 до 200.000 евра месечно само во пет кладилници во главниот град.[12] Сепак тоа е процес од кој граѓаните биле и ќе останат во подредена положба и да се надеваат. Сопствениците и државата се секако во позитива, а таа позитива ја остваруваат врз грбот на граѓаните. Сепак на крајот граѓанинот е тој што нема избор или алтернатива за да ги задоволи своите егзистенцијални потреби кои со своите месечни примања тоа не може да го направи, граѓаните се тие кои масовно се кладат и придонесуваат за од година во година се

отвораат се повеќе спортски обложувалници и всушност граѓаните се тие кои спортското обложување во Република Македонија го направија феномен.

Видови на влијание од процесот на обложување од економска перспектива:

Позитивно влијание;

- Зголемување на работни места во спортските обложувалници
- Пораст и развој на сегмент од бизнис секторот
- Инвестиции во инфраструктура (самите „кладилници„)
- Зголемување на материјалните добра

Негативни влијанија;

- Намалување(губење на работни места)[13]
- Намалување(губење на материјални добра)
- Психолошко влијание на фамилијата[14]
- Банкрот

5. Заклучок и Препораки

Во Македонија феноменот обложување во спортски „кладилници„ е широко распространет. Цели 37% од граѓаните или 61% од мажите се обложуваат. Тие поминуваат значителен дел од времето обложувајќи се, следејќи резултати, читајќи информативни билтени на спортските обложувачници, дискутирајќи ги своите успеси и порази. Според резултатите на анкетата, обложувачите посветуваат значително време на „кладење„ во една недела-до 1 час (12% од испитаниците), 2-3 часа (23%), 4-6 часа (23%), 7-10 (18%), повеќе од 10 (19%). Големо мнозинство од тие што се „кладат„ живеаат со семејство (85%). Скоро три четвртини од обложувачите имаат подпросечни примања. Младите а посебно машкиот дел од населението е најмногу заразен со треската на спортско обложување.

Всушност, типичниот профил на играч во спортски обложовалници е граѓанин кој е во загрозена категорија, млад маж, ниско образован со скромни примања. Правото на индивидуата да се обложува е легитимно и државата на истото не смее да влијае. Но државата има легитимен интерес да ги штити интересите на сите граѓани вклучувајќи ги и интересите на преостанатиот дел на семејството. Бидејќи е евидентно дека многумина во

Македонија ја запоставуваат фамилијата заради обложување, државата и граѓанскиот сектор можат да помогнат преку различни мерки кои Центарот ги препорачува.

Најмала мерка што државата може да ја превземе е постојан мониторинг и известување за состојбите во оваа сфера на живеење. Системот на мониторинг би помогнал со тоа што би се создала еден вид на дата база на податоци која би била достапна за јавноста и која би била искористена за преземање на мерки односно јавни политики. Дополнително може да се влијае преку кампањи за подигање на свеста на граѓаните (public awareness campaigns), образовниот систем, информативните емисии, и специјализираните институции (Агенција за млади и спорт). Советодовна и превентивна функција може да имаат и граѓанските и државните институции кои се справуваат со проблеми на зависност, а посебно со такви проблеми кај младата популација.

5. Референци


- Statistical year book of Republic of Macedonia 2005
- Naтional Report on Macedonia 2001; UNDP
- Triumph, tragedy or trade-off Considering the impact of gambling by Jason J. Azmier, Robin Kelley, and Peter Todosichuk, August 2001
- A Public Health Perspective on Gambling: The Four Principles, AGA Responsible Gaming Lecture Series Vol2. N.1, Howard J. Shaffer,
- Gambling in Texas: 1995 Surveys of Adult and Adolescent Gambling Behavior by Lynn S. Wallisch, M. A.
- Before the Rhode Island Special House Commission to Study Gaming -Statement of Jonathan B. Taylor . March 7, 2003
- Cumulative prospect theory and gambling Lancaster University Management School Working Paper 2005/034 by David Peel, Michael Cain and D Law, The Department of Economics, Lancaster University Management School
- Gaming Behavior Survey: Rhode Island and Massachusetts, Center for Policy Analysis, University of Massachusetts,
- Can Expected Utility Theory Explain Gambling? by Roger Hartley and Lisa Farrel
- Figures are bad news for casino industry, Las Vegas Sun by Liz Benston;
- Towards a strategy for addressing problem gambling in the U.K: A report to the Responsibility in Gambling Trust by Arnold, G., Collins, P., Eadington, W.R., Remmers, P. & Ricketts, T. London: Responsibility in Gambling Trust.
- A Review of Research on Aspects of Problem Gambling, by Max Abbott, Dr Rachel Volberg, Dr Maria Bellringer and Dr Gerda Reith, Gambling Research Center
- Sluzhben vesnik na RM
- Zakon o igrama na srecu; Srbija i Crna Gora

[1] Податоци од Министерство за финансии на Република Македонија.

[2] Анкета на ЦИКП (Центар за истражување и креирање политики), спроведена за времетраењето на светското првенство во фудбал 9 јуни-9 јули 2006, на репрезентативен примерок.

[3] Според анкетата на ЦИКП 28,5% од луѓето без примања, 16% од тие што примаат до 6000 денари и 28,7% од тие што имаат месечни примања од 6001-11000 денари се кладат во спортските обложувалници.

[4] Резултатите од анкетата се достапни на интернет страната на Центарот за истражување и креирање политики(**www.crpm.org.mk)**

[5] Види на исто место, Центар за истражување и креирање политики(**www.crpm.org.mk)**

[6] Во Мај 2006, додека сите национални фудбалски првенства беа во тек, што по автоматизам значи поголема заинтересиранист и посетеност на спортските обложувалници, ЦИКП се обиде приближно да го пресмета влогот кој месечно се влева во кладилниците со тоа што пред престанокот на работното време на кладилниците се уплаќаше по еден талон на секоја каса. Редниот број на талонот покажува колку талони се искуцани, примени во тој ден на таа каса. Помножено со касите и деновите и минималната уплата по талон која изнесува 50 денари се дојде до приближна минимална цифра која месечно се влева во кладилниците.

[7] „Странско правно или физичко лице може да организира посебни игри на среќа во обложувалница, доколку за време од една година направи вложувања во земјата во износ од најмалку 1.000.000 евра и обезбеди вработување на најмалку десет лица државјани на Република Македонија„ Службен весник на РМ“бр.13 од 21 Февруари 2001 година/Приредување игри на среќа

[8] Службен весник на РМ“бр.13 од 21 Февруари 2001 година/Приредување игри на среќа

[9] Истражувањата направени во Тексас(САД) од страна на Lynn S. Wallisch, M.A.*“Gambling in Texas: 1995 Surveys of adult and adolescent gambling behavior“* под патронат на Тексашката Комисија за зависности, покажа дека 50% се обложуваат заради забава, а само 28% заради пари(евентуална добивка). Истражувањата во Масачусетс и Калифорнија направени од страна на Центарот за политички анализи од Универзитот во Масачусетс *(Gaming behavior survey: Rhode Island and Massachusetts; Clyde W. Barrow, Ph.D., Political Science*)**,** покажаа дека 65% од испитаниците се обложуваат “за да се забавуваат“, додека 12% се обложуваат заради економски причини. Истражувањата пак во Канада (*Considering the Impact of Gambling* by Jason J. Azmier, Senior Policy Analyst Robin Kelley, Policy analyst Peter Todosichuk, Intern AUGUST 2001) направени врз призмата на влогот покажаа дека на обложувачите кои тоа го прават од разонода или забава вложуваат од 2,7 до 4,5 милијарди американски долари годишно, што воедно претставува дури 74% од средствата. А само 26% се вложуваат од други причини.

[10] Види ја анкетата достапна на интернет страната на Центар за истражување и креирање политики(**www.crpm.org.mk)**

[11] Да се види кај European Bank for Reconstruction and Development, Transition Report Update, May 2006, страна 45.

[12] Податоци од истражувањето што го спроведе ЦИКП во Мај 2006 година по методологија опишана во фуснота 8, стр.3

[13] Според анкетата на ЦИКП дури 19,5% од испитаниците за обложувањето посветуваат повеќе од 10 часа неделно, 18,6% посветуваат од 7 до 10 часа, 24,9% од 4-6 часа, 23,1% 2-3 часа, а само 9% посветуваат помалку од еден час. Сето ова може негативно да се одрази на професионалниот живот на граѓанинот со тоа што повеќе време посветува на процесот на обложување одколку на пример за прогрес во својата работа.

[14] Според анкетата на ЦИКП дури 85,3% од обложувачите живеат со семејства така што долгата одсутност од дома или преголемената посветеност на машкиот (најчесто) член на фамилијата влијае на хармонијата на семејните односи.